Архивски број: 08-676/2
05-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-676/1 од 24.10.2024 година, поднесена од адвокат и медијатор [redacted] со адреса на [redacted] во Скопје, против [redacted] на Националниот совет за медијација при Влада на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на пол, род, бременост и други видови уверувања во областите на работа и работни односи и правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 28.10.2024 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08-676/1 од 24.10.2024 година поднесена од адвокат и медијатор [redacted] против [redacted] Националниот совет за медијација при Влада на Република Северна Македонија, **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 24.10.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") беше доставена претставка за заштита од дискриминација од адвокат и медијатор [redacted] против [redacted] за медијација при Влада на Република Северна Македонија („**Советот**"), за извршена дискриминација врз основа на пол, род, бременост и други видови уверувања во областите на работа и работни односи и правосудство и управа.

Според наводите од претставката, Националниот совет за медијација на ден 4.6.2024 година донел Одлука на поднсоителката, како медијатор, да ѝ издаде лиценца на неопределено време. Таа била и сѐ уште е Член на Националниот совет за медијација, додека пријавениот дискриминатор во тоа време бил Национален координатор, а сега е разрешен од позицијата. Кооридинаторот, заедно со Секретарката на Советот, ги изработиле лиценците за медијатори на неопределено време, вклучително и нејзината, но истите не ги приложиле на увид до членовите на Советот, иако тоа било изречно побарано од нејзина страна.

Имено, [redacted] заедно со [redacted] изработиле лиценца за медијатор на неопределено време за [redacted] родена на [redacted] година. Лиценцата била заведена под архивски број 20-1774/1 на ден 11.6.2024 година во Министерството за правда. Меѓутоа, подносителката наведува дека тоа не е нејзиниот датум на раѓање, односно дека е родена во [redacted] година. На ден 15.7.2024 година била во Министерството за правда да ја подигне својата лиценца и тогаш забележала дека лиценцата е изработена со погрешен датум на раѓање. Поради ова, испратила мејл до [redacted], кој ја потпишал лиценцата, до останатите членови на Советот- [redacted] и до [redacted] Секретарката ѝ одговорила дека лиценцата ќе биде искоригирана во најкраток рок. [redacted], од друга страна, ѝ одговорил дека лиценцата нема да ѝ биде искоригирана затоа што доцна отишла да ја подигне. Таа му објаснила дека тогаш била 6ти месец бремена и не можела да дојде порано бидејќи летото било пеколно и Владата имала препораки трудници да не одат на работа. Напоменува дека таа, како трудница на 41 година, која после 11 години е бремена, користела и користи патолошка бременост и не се изложува на непотребни

ризици, како што е одење да подигне лиценца на толку високи температури. На [redacted] му ги објаснила причините поради кои не можела да ја подигне лиценцата порано и побарала, доколку веќе направил грешка во лиценцата, да ја исправи грешката, односно да ја завери лиценцата под истиот архивски број и истиот датум како лиценцата која била згрешена и со тоа да ѝ издаде лиценца која се однесува на нејзе и која може да ја користи.

На ден 6.9.2024 година Секретарката на Советот извршила исправка на лиценцата и изготвила нова лиценца со точни податоци, ставила ист архивски број и ист датум како и првата и му ја доставила на [redacted] да ја потпише. Наведува дека до денес, [redacted] ја нема потпишано лиценцата, а Владата, откако го разрешила, нема назначено нов Координатор на Советот и нема кој да ѝ издаде лиценца. Смета дека [redacted] имал обврска како службено лице да постапи по Одлуката на Советот и да ѝ издаде лиценца, но дека не го сторил тоа бидејќи таа има други уверувања за разлика од него, во текот на работата на Советот настојувала тој да работи законски и постојано му укажувала дека неговите лични убедувања се спротивни на законските прописи и дека доколку постапува на начин на кој сака да постапи, тогаш ќе го прекрши законот. Смета дека постапил незаконски и не ѝ издал лиценца како одмазда за горенаведеното.
Истовремено наведува дека тој со неговото оправдување дека не дошла да ја подигне лиценцата на време, инаку да дошла порано ќе ја исправел грешката, ја дискриминирал како трудница која користи патолошко боледување. Согласно неговите тврдења и неговото постапување, таа смета дека тој ја злоупотребил неговата службена позиција и извршил дискриминација врз основа на пол, род, бременост, како и врз основа на тоа што имала различни уверувања од неговите. Во прилог на ова истакнува и дека тој никогаш не ѝ се извинил за направената грешка, која според него била ненамерна. За разлика од него, Секретарката се извинила за грешката и истата ја коригирала.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:
- Извештај за привремена спреченост за работа од 16.7.2024 до 30.7.2024 година, издаден од [redacted]
- Оценка на привремена спреченост за работа боледување од 16 до 30 дена и над 30 дена, од 31.7.2024 до 27.8.2024 година, издадено од Првостепена лекарска комисија, ФЗОМ, Лекарски дневник бр. 18-14/27774 од 29.7.2024 година;
- Оценка на привремена спреченост за работа боледување од 16 до 30 дена и над 30 дена, од 28.8.2024 до 12.9.2024 година, издадено од Првостепена лекарска комисија, ФЗОМ, Лекарски дневник бр. 18-14/30938 од 23.8.2024 година;
- Оценка на привремена спреченост за работа боледување од 16 до 30 дена и над 30 дена, од 13.9.2024 до 11.10.2024 година, издадено од Првостепена лекарска комисија, ФЗОМ, Лекарски дневник бр. 18-14/33281 од 12.9.2024 година;
- Мејл кореспонденција од 15.7.2024, 16.7.2024 и 20.7.2024 година;
- Мејл кореспонденција од 5.9.2024 и 6.9.2024 година со [redacted]
- Одлука на Советот за издавање лиценца и првичната лиценца со погрешен датум на раѓање;
- Коригирана лиценца која не е потпишана и
- Кривична пријава заради злоупотреба на службена позиција, поднесена до Основно Јавно Обвинителство Охрид од страна на [redacted]

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"*.

Во овој контекст, а по увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека не станува збор за прашања кои потпаѓаат под нејзина надлежност.

Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај, на подносителката ѝ била издадена лиценца, но со техничка грешка (погрешен датум на раѓање), што довело до тоа таа да побара повторно да ѝ биде издадена лиценцата, овој пат со коригиран датум на раѓање. Притоа, одложувањето што следело се должи на промена во раководството, односно разрешување на националниот координатор кој ги потпишува лиценците, а не на некоја политика на Советот или дејство на координаторот преземено против подносителката поради тоа што е бремена.
Во овој контекст, неопходно е да се утврди дали лице во слична ситуација, кое не ја дели заштитната карактеристика (не е бремена жена) би било третирано поинаку. Во овој случај, бидејќи немањето на координатор на Советот подеднакво ќе влијае на процесот на издавање на лиценца за било кој барател, не постои показател дека подносителката била третирана нееднакво поради нејзината бременост. Ова значи дека одложувањето предизвикано од неназначување на нов координатор не влијае несразмерно на бремените жени и не ги третира понеповолно во споредба со другите баратели на лиценца.
Дополнително, подносителката не приложи факти и околности кои упатуваат на тоа дека грешката во нејзината лиценца била направена заради нејзината состојба на бременост.

Со оглед на тоа дека неиздавањето на лиценци од страна на Советот е резултат на административна пречка која влијае на сите баратели подеднакво, а не претставува дејство конкретно насочено кон подносителката поради нејзината бременост, Комисијата заклучи дека третманот не претставува предмет на дискриминација, односно не потпаѓа под нејзина надлежност.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Скопје
5.11.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]